Institucioni ... УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕВРОЛОГИЈА KLINIKA UNIVERSITARE E NEUROLOGJISE Бр.-Nr. 0202-1745/1 02.12.2024 Скопје/Shkup

Врз основа на член 100 став 5 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), член 32 став 4 од Законот за установите („Службен весник на Република Македонија" бр. 32/05, 120/05 и 51/11) и член 18 став 1 алинеја 1 од Статутот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија - Скопје бр. 0202-764 од 13.06.2016 година, бр. 0202-674/1 од 25.03.2019 година и бр. 0202-888/2 од 13.10.2022 година, а согласно мислењето од Стручниот колегиум бр. 0205-1744/1 од 02.12. 2024 година, Управниот одбор на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија - Скопје, во полн состав, едногласно на седницата одржана на 02.12.2024 година, донесе

СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНАТА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕВРОЛОГИЈА - СКОПЈЕ

Член 1

Во Статутот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија - Скопје бр. 0202-764 од 13.06.2016 година, бр. 0202-674/1 од 25.03.2019 година и бр. 0202-888/2 од 13.10.2022 година, во членот 11 став 2 на крајот на алинејата 12 точката се заменува со запирка и се додава нова алинеја 13, која гласи:

„- болничка аптека."

Член 2

Оваа Статутарна одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето на огласната табла на установата, а ќе се објави по добивањето на согласност од Министерството за здравство.

број 0202-1745/1

датум 02.12.2024

ЈЗУ УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕВРОЛОГИЈА - СКОПЈЕ

УПРАВЕН ОДБОР
претседател
проф. д-р Наталија Долненец Банева
/ име и презиме /

/ своерачен потпис /

Јавна здравствена установа УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕВРОЛОГИЈА-Скопје E NEUROLOGJISE-Shkup KLINIKA UNIVERSITARE Institucioni shendetit Publik

Scanned with CamScanner

Образложение

1. Согласно член 100 став (5) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23, 236/23, 263/23, 30/24, 74/24 и 170/24), Управниот одбор на јавна здравствена установа го донесува статутот на установата, донесува одлука за промена на дејноста и за другите статусни измени (поделба, издвојување, спојување и припојување), го усвојува извештајот за работа, ја донесува програмата за работа и финансискиот план, ја утврдува завршната сметка, донесува општи акти и го следи нивното извршување и врши и други работи утврдени со закон, актот за основање и статутот на јавната здравствена установа.

Согласно член 91 став (1) од Законот, работата во јавните здравствени установи, врз начелата на достапност, рационалност, ефикасност и континуираност на здравствената заштита се организира во внатрешни организациони единици, кои претставуваат организациско-техничка целина во процесот на работата, во зависност од видот на здравствената установа.

Во универзитетска клиника како вид јавна здравствена установа, како што е Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија - Скопје, согласно член 91 став (2) од Законот, како внатрешни организациони единици може да се определат оддел со одделенија во кои можат да се организираат отсеци и болничка аптека.

Делокругот на работа на внатрешните организациони единици и минималниот број извршители по внатрешни организациони единици, во зависност од видот на дејноста што ја врши здравствената установа, е пропишан со Правилникот за делокругот на работа на внатрешните организациони единици и минималниот број извршители по внатрешни организациони единици во здравствените установи, објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 184 од 6 септември 2019 година.

Статутот на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија - Скопје е донесен со бр. 0202-764 од 13.06.2016 година, бр. 0202-674/1 од 25.03.2019 година и бр. 0202-888/2 од 13.10.2022 година, на кој е издадена согласност со решенија на Министерството за здравство бр. 11-5384/2 од 11.07.2016 година, бр. 11-2820/2 од 23.05.2019 година и бр. 11-6431/2 од 01.11.2022 година.

Согласно член 11 став 2 од Статутот, во Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија - Скопје се организираат следните внатрешни организациони единици, кои претставуваат организационо-техничка целина за вршење на дејностите од член 9 на Статутот:

- оддел за рана дијагностика и превенција на цереброваскуларни болести и лекување и третман на цереброваскуларни болести кај млади возрасни:
  - одделение за рана дијагностика и превенција на цереброваскуларни болести,
  - одделение за лекување и третман на цереброваскуларни болести кај млади возрасни,
- оддел за цереброваскуларни болести,
- оддел за ургентна неврологија,
- оддел за мултипла склероза и други демиелинизирачки болести на ЦНС,
- оддел за невроимунологија и лабораториска дијагностика,
- оддел за невромускулни болести,
- оддел за развојна неврологија,
- оддел за екстрапирамидални болести,
- оддел за главоболка и болни синдроми,

Scanned with CamScanner

- оддел за епилепсии,
- оддел за клиничка неврофизиологија,
- оддел за специјалистичко-консултативна дејност, когнитивна неврологија и невродегенеративни болести:
    - одделение за специјалистичко-консултативна дејност,
    - одделение за когнитивна неврологија и невродегенеративни болести.

Согласно член 18 став 1 алинеја 1 од Статутот, Управниот одбор на установата донесува Статут и други општи акти на Установата и го следи нивното извршување.

Начинот и постапката за донесување на Статутот и на другите општите акти на установата, што важат и за изменување и дополнување на Статутот, се уредени во членот 58 од Статутот.

2. Оваа Статутарна одлука се донесува врз основа на наведените законски и статутарни надлежности на Управниот одбор на установата и наведените законски одредби и услови од Правилникот кои се однесуваат на воспоставување на внатрешните организациони единици и нивниот делокругот на работа.

За вршење на дејноста на установата, внатрешните организациони единици што се воспоставуваат со оваа Статутарна одлука се организираат врз начелата на достапност, рационалност, ефикасност и континуираност на здравствената заштита и претставуваат организациско-техничка целина во процесот на работата со заокружен делокруг на работа.

Предмет на оваа Статутарна одлука е следната промена во организацискатa поставеност на установата:

- воспоставување нова основна внатрешна организациона единица во установата, болничка аптека.

Причината за воведување на оваа промена во организацискатa поставеност на Универзитетска клиника за неврологија - Скопје се должат на потребата во делот од дејноста на установата што се однесува на обезбедувањето на болните со лекови и медицински потрошен материјал да се овозможи поголема и подобра контрола и следење на квалитетот на лековите, рационализација на потрошниот медицински материјал, поефикасна логистика и побрзо обезбедување на лекови, а со тоа и подобрување на квалитетот на здравствената заштита и дејноста на установата во целина.

Болничката аптека во Универзитетската клиника за неврологија ќе има клучна улога во обезбедувањето фармацевтска поддршка за пациентите со невролошки заболувања, обезбедувајќи специјализирани лекови и медицински материјали во областа и вршењето на дејноста на установата, вклучително имуномодулаторна терапија и терапија за ретки болести.

Како основна внатрешна организациона единица на установата што е дел од Стручниот колегиум, тоа ќе ја овозможи неопходната интеграција во планирањето, донесувањето и спроведувањето на одлуките во врска со набавката на неопходните материјали и лекови, од учество во подготвувањето годишни планови и технички спецификации за набавка на лекови и други потрошни медицински материјали до овозможување непречено снабдување на лековите со месечни требувања или почесто, во зависност од динамиката на трошење.

Во новата основна внатрешна организациона единица во установата, болничка аптека, ќе се врши следниот делокруг на работа, како дел од дејноста на установата:

- Обезбедување и снабдување со лекови и медицински материјали: Болничката аптека ќе врши набавка, прием, складирање, чување и издавање лекови, медицински потрошен материјал, средства за дезинфекција, дијагностички материјали и лабораториски потрошен материјал, вклучително и снабдување со

Scanned with CamScanner

невролошки специјализирани лекови и инфузиони раствори за третман на акутни и хронични невролошки состојби, како што се антиконвулзанти, антипаркинсоници, кортикостероиди и тромболитици, ќе управува со нивната подготовка и дистрибуција со цел секој оддел да ги има потребните лекови во секое време, ќе го организира и води нивното складирање, за сите лекови и потрошни медицински материјали ќе врши соодветна материјална евиденција и ќе го следи и контролира нивниот квалитет.

- Изведување специјализирани процедури за подготовка на лекови: Во рамките на работата, болничката аптека ќе подготвува специјални раствори за инјектирање и инфузии за пациенти со акутни и комплексни невролошки состојби (како мозочен удар или епилептични напади), како процедури што бараат посебно внимание и точност за да се избегнат несакани ефекти и да се овозможи безбедност на пациентите.
- Поддршка за медицинскиот персонал и консултации за терапија: Вработените во болничката аптека ќе обезбедуваат насоки за правилна употреба на лековите, стручни совети за избор и комбинирање на лекови, ќе спроведуваат консултации со медицинските тимови за оптимално дозирање и минимизирање на несаканите интеракции меѓу лековите, како клучен аспект за безбедноста на пациентите со невролошки заболувања.
- Следење на несакани ефекти и поддршка за терапевтскиот процес: Болничката аптека ќе воспостави систем на следење и евидентирање на несаканите дејства на лековите и следење на ефектите на терапијата кај невролошките пациенти, што ќе овозможи оптимизација на третманот, понатамошно планирање на терапијата и прилагодување на дозите или промените во терапијата.
- Поддршка на истражувачки активности и иновативни практики: Болничката аптека ќе учествува во имплементацијата на нови терапевтски методи и во следењето на современите истражувања во неврофармацијата, со цел да се овозможи пристапот до нови лекови и техники кои ја подобруваат здравствената заштита во областа на неврологијата и придонесуваат за иновативна и висококвалитетна услуга за пациентите со невролошки заболувања.

Долгорочните цели и стратегијата за развој на установата, со воспоставувањето на новата единица, се очекуваат во следното: раст и развој на услугите преку обезбедување нови терапевтски можности и проширување на спектарот на достапни лекови, воспоставување едукативни програми преку континуирана едукација на медицинскиот персонал за правилна употреба и безбедност на лековите, а со тоа и подобрување на клиничките вештини, како и активно учество во образовниот процес согласно со потребите на фармацевтскиот факултет за спроведување на студиските програми и во научната соработка и унапредување на истражувачките активности на Универзитетската клиника преку партнерства со други институции за поддршка на напредокот во неврологијата.

По добивањето согласност од Министерството за здравство и влегувањето во сила на оваа Статутарна одлука, Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија - Скопје продолжува да работи со организирање на следните внатрешни организациони единици, кои претставуваат организационо-техничка целина за вршење на дејностите од член 9 на Статутот:

- оддел за рана дијагностика и превенција на цереброваскуларни болести и лекување и третман на цереброваскуларни болести кај млади возрасни:
  - одделение за рана дијагностика и превенција на цереброваскуларни болести,
  - одделение за лекување и третман на цереброваскуларни болести кај млади возрасни,
- оддел за цереброваскуларни болести,

Scanned with CamScanner

- оддел за ургентна неврологија,
- оддел за мултипла склероза и други демиелинизирачки болести на ЦНС,
- оддел за невроимунологија и лабораториска дијагностика,
- оддел за невромускулни болести,
- оддел за развојна неврологија,
- оддел за екстрапирамидални болести,
- оддел за главоболка и болни синдроми,
- оддел за епилепсии,
- оддел за клиничка неврофизиологија,
- оддел за специјалистичко-консултативна дејност, когнитивна неврологија и невродегенеративни болести:
    - одделение за специјалистичко-консултативна дејност,
    - одделение за когнитивна неврологија и невродегенеративни болести,
- болничка аптека.

3. Со ваквата организациска поставеност на установата се обезбедува поопределено утврдување на делокругот на работа на единиците како организационо-техничка целина во процесот на работата и поголема ефикасност во вршењето на дејноста, а со тоа и зголемен квалитет на здравствената заштита. Со тоа, се зајакнуваат достапноста, рационалноста, ефикасноста и континуираноста на здравствената заштита во установата, како законски и статутарни начела на кои се заснова организацијата на работата и организациската поставеност на универзитетската клиника.

Воспоставувањето болничка аптека како посебна внатрешна организациона единица на установата ќе овозможи директен надзор над квалитетот и достапноста на лековите кои се користат, како и следење и стандардизација на лековите и медицинските материјали, што е од суштинска важност за безбедноста на пациентите и унапредување на квалитетот на здравствените услуги. Се очекува да се овозможи поефикасно управување со потрошниот медицински материјал и поефикасно управување со залихите, што води до намалување на трошоците и спречување на преголема потрошувачка или недостиг од потребните материјали.

Со воспоставувањето посебна организациона единица за овој дел од дејноста на установата се очекува да се скрати и времето потребно за набавка и достапност на лековите, што е клучно за итните и специфичните потреби на пациентите.

Преку директно следење и анализа на квалитетот на услугите и употребуваните материјали и снабдувањето, резултатите од работењето на болничката аптека редовно ќе се користат во ажурирањето на протоколите за лекување и управување со квалитетот, со што директно ќе се придонесе за натамошно континуирано унапредување на квалитетот на здравствената заштита на универзитетската клиника.

Болничката фармација е специјализирано подрачје на фармацијата, така што болничката аптека, како посебна организациско-техничка целина во процесот на работата во вршењето на дејноста на установата, ќе биде интегрален дел од Универзитетската клиника и ќе придонесе за висококвалитетна, сигурна и иновативна здравствена заштита насочена кон подобрување на здравјето на пациентите и квалитетот на третманите, во согласност со развојната политика на Универзитетската клиника за неврологија во обезбедувањето безбедни, ефикасни и иновативни здравствени услуги за подобрување на здравјето и квалитетот на животот на пациентите со невролошки заболувања.

На денот на донесувањето на оваа Статутарна одлука, Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија - Скопје ги исполнува условите за организирање на ваквата поставеност на внатрешните организациони единици и има обезбедено стручен кадар за вршење на дејноста во делокругот на работа на сите внатрешни

Scanned with CamScanner

организациони единици, согласно со одредбите од Правилникот за делокругот на работа на внатрешните организациони единици и минималниот број извршители по внатрешни организациони единици во здравствените установи, објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 184 од 6 септември 2019 година, кои се однесуваат на универзитетска клиника како вид јавна здравствена установа:

- оддел со најмалку седум вработени од кои најмалку двајца специјалисти односно супспецијалисти и останатите се здравствени работници и здравствени соработници или најмалку десет вработени од кои најмалку еден специјалист односно супспецијалист и еден здравствен соработник со високо образование со завршен втор или трет циклус на студии од областа соодветна на мултидисциплинарниот пристап што се применува во одделот и останатите се здравствени работници и здравствени соработници (член 3 став 1 точка 6 алинеја 1);
- одделение, најмалку по две одделенија во секој оддел, со најмалку пет вработени во секое одделение од кои најмалку еден специјалист односно супспецијалист или на специјализација или здравствен соработник со високо образование со завршен втор или трет циклус на студии од областа соодветна на мултидисциплинарниот пристап што се применува во одделението и останатите се здравствени работници и здравствени соработници (член 3 став 1 точка 6 алинеја 2);
- болничка аптека - најмалку еден дипломиран фармацевт и еден фармацевтски техничар.

Согласно овие одредби од Правилникот, Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија - Скопје ги воспоставува овие промени во организациската поставеност за вршење на дејноста на установата утврдена во членот 9 од Статутот, со обезбеден стручен кадар (здравствени работници и здравствени соработници) од редот на постојните вработени во установата.

4. Согласно член 58 став 3 од Статутот, утврдениот текст на статутот и на другите општи акти, согласно мислењето од стручниот колегиум, се доставува до управниот одбор, а согласно ставот 4 од истиот член, општите акти на Универзитетската клиника ги донесува управниот одбор со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови, а статутот и другите акти од јавен интерес ги донесува управниот одбор со мнозинство на гласови и од претставниците на основачот. Согласно ставот 6 од истиот член, изменување и дополнување на статутот и на другите општи акти се врши на начин и постапка предвидена за донесување на статутот и општите акти на Универзитетската клиника.

Согласно овие статутарни одредби, оваа одлука, во утврдениот текст во кој се донесува, е доставена до Управниот одбор на донесување согласно мислењето од Стручниот колегиум бр. 0205-1744/1 од 02.12.2024 година, со кое се дава согласност за нејзино донесување.

Врз основа на член 100 став (5) од Законот за здравствената заштита и член 18 став 1 алинеја 1 од Статутот на установата, како и согласно наведеното мислење од Стручниот колегиум, Управниот одбор на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија - Скопје ја донесе оваа Статутарна одлука за дополнување на Статутот на установата.

По добивањето согласност од Министерството за здравство и влегувањето во сила на оваа Статутарна одлука, Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за неврологија - Скопје ќе спроведе постапка за соодветна промена во општите акти за внатрешна организација и систематизација на работните места во установата.

Scanned with CamScanner